Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# МЕТОДОЛОГИЈА

## за примена на Правилникот за начинот на утврдување на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор

Дел. Бр. 149 – 98/1
Датум: 10.02.2026 година
Место: Скопје

**Предлага:** м-р Васе Анакиев
Директор,
Државен инспекторат за земјоделство

(м.п.)

**Одобрил:** Цветан Трипуновски
Министер
за земјоделство, шумарство и водостопанство

(м.п.)

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# МЕТОДОЛОГИЈА

## за примена на Правилникот за начинот на утврдување на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор

Дел. Бр. 149 – 98/1
Датум: 10.02.2026 година
Место: Скопје

**Предлага:** м-р Васе Анакиев
Директор,
Државен инспекторат за земјоделство

**(м.п.)**

**Одобрил:** Цветан Трипуновски
Министер
за земјоделство, шумарство и водостопанство

**(м.п.)**

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за земјоделство**

Врз основа на член 49 став (1), член 55 став (1), член 56 став (1) и член 58 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (*„Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019, 110/2019, 154/2019 и 121/2024*), а согласно член 25 став (3) од Законот за инспекциски надзор (*„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 135/2025 и 269/2025*) и Правилникот за начинот на утврдување на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор (*„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 20/2026*), Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, на предлог на директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, донесе:

# МЕТОДОЛОГИЈА
## за примена на Правилникот за начинот на утврдување на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор

### I. Предмет и цел

Со оваа Методологија се уредува начинот на практична примена, пресметка и евидентирање на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор во Државниот инспекторат за земјоделство, согласно Правилникот за начинот на утврдување на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор, објавен во *„Службен весник на Република Северна Македонија број 20/2026*".

Со оваа Методологија не се утврдуваат нови коефициенти, ниту се менуваат критериумите и поените утврдени со наведениот Правилник, туку се обезбедува унифицирана примена во практиката.

### II. Правен основ

Оваа методологија се донесува заради примена на член 25 од Законот за инспекциски надзор и Правилникот за начинот на утврдување на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор (*„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 20/2026*).

### III. Коефициенти на сложеност

При примена на Правилникот, во Државниот инспекторат за земјоделство се применуваат следните коефициенти на сложеност:

| Опсег на поени | Коефициент |
|---|---|
| до 1 поен | Q1 |
| од 1 до 2 поени | Q2 |
| од 2 до 3 поени | Q3 |
| од 3 до 4 поени | Q4 |
| од 4 до 5 поени | Q5 |


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18(Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02)3121 462
www.diz.gov.mk

*Напомена: Коефициентите на сложеност не претставуваат проценка на ризик кај субјектите на инспекциски надзор.*

**IV. Критериуми за пресметка**

При пресметка на коефициентот на сложеност се земаат предвид следните критериуми, утврдени со Правилникот:

1. **Условите** во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот;
2. **Бројот на субјекти** кои се предмет на инспекциски надзор;
3. **Бројот на прописи** врз основа на кои се врши инспекциски надзор;
4. **Потребно време** за вршење на инспекциски надзор**.**

**V. Табеларен приказ на поени и ориентир за времетраење**

Поените по критериуми и ориентирот за времетраење по фази се прикажуваат збирно, заради полесна и унифицирана примена при пресметка на коефициентот на сложеност.

**1. Поени по критериуми**

| Критериум | Опис | Поени |
|---|---|---|
| **Услови и локација** | Надзор во седиште на инспекцијата | 0,3 |
| | Надзор во седиште на субјектот | 0,7 |
| | Надзор на терен | 1,0 |
| **Број на субјекти** | Еден субјект | 0,3 |
| | Два до три субјекти | 0,6 |
| | Повеќе од три субјекти | 1,0 |
| **Број на прописи** | Еден закон и подзаконски акти | 0,5 |
| | Два до три закони и подзаконски акти | 1,0 |
| | Повеќе од три закони и подзаконски акти | 1,5 |
| **Потребно време** | До 2 часа | 0,5 |
| | Од 2 до 4 часа | 0,7 |
| | Од 4 часа до еден работен ден | 1,0 |
| | Над еден работен ден | 1,5 |

**VI. Начин на пресметка**

Вкупниот број на поени се добива со збир на поените доделени по секој од критериумите утврдени со Правилникот.

Врз основа на вкупниот збир на поени се определува соодветниот коефициент на сложеност (Q1–Q5), согласно следната табела:


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18(Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02)3121 462
www.diz.gov.mk

| Вкупен збир на поени | Коефициент |
|---|---|
| **до 1 поен** | Q1 |
| **над 1 до 2 поени** | Q2 |
| **над 2 до 3 поени** | Q3 |
| **над 3 до 4 поени** | Q4 |
| **над 4 до 5 поени** | Q5 |

Пресметката се врши со користење на **Образец – Пресметка на вредноста на коефициентите на сложеност** (Прилог 1).

**VII. Евидентирање и контрола**

Пресметаниот коефициент на сложеност се евидентира во предметот и во соодветните евиденции на Инспекторатот.

Раководните лица вршат контрола на правилната примена на Методологијата.

**VIII. Распределба на предмети**

Распределбата на предметите за вршење инспекциски надзор се врши имајќи ги предвид коефициентот на сложеност, стручната оспособеност, работното искуство и моменталната оптовареност на инспекторите.

| Ниво на инспектор | Дозволен коефициент |
|---|---|
| **Б1 и Б2** | Q5 |
| **Б3, Б4 и В1** | Q4 и Q5 |
| **В2** | Q2, Q3 и Q4 |
| **В3 и В4** | Q1, Q2 и Q3 |

По исклучок од одредбите погоре утврдени со оваа Методологија, директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, со ОДЛУКА донесена согласно член 3 став (2) од Правилникот за начинот на утврдување на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор (*„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 20/2026*), заради поефикасно спроведување на инспекцискиот надзор, целосно искористување на расположливите човечки ресурси во инспекцијата и обезбедување континуитет во работата, му овозможува на инспекторот да врши инспекциски надзор и со понизок коефициент на сложеност од предвидениот за неговото ниво, доколку тоа не влијае врз законитоста, квалитетот и безбедноста на инспекцискиот надзор.

## IX. Завршни одредби

Оваа Методологија има интерен карактер и се применува во Државниот инспекторат за земјоделство од денот на нејзиното усвојување.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18(Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02)3121 462
www.diz.gov.mk

Прилог 1

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ИНСПЕКЦИСКА СЛУЖБА: ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА СЛОЖЕНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Овој прилог претставува методолошка и практична поддршка при примена на Методологијата за примена на Правилникот за начинот на утврдување на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор.

Со овој прилог не се утврдуваат нови коефициенти на сложеност, ниту се менуваат критериумите и поените утврдени со Правилникот за начинот на утврдување на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 20/2026), туку се обезбедува унифицирана и полесна примена во практиката.

## II. Методолошки принцип

Овој прилог се применува за инспекциските надзори што ги вршат организациските единици во Државниот инспекторат за земјоделство, и тоа:

- Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларство, земјишната политика со поледелско производство
- Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство
- Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи
- Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика

Коефициентот на сложеност на инспекцискиот надзор се утврдува исклучиво врз основа на вкупниот збир на поени, добиени со бодување на критериумите утврдени со Правилникот.

Времетраењето на инспекцискиот надзор, бројот на прописи, условите и степенот на изложеност не го определуваат самостојно коефициентот на сложеност, туку претставуваат описни и ориентациони елементи, кои се земаат предвид само како дел од вкупната пресметка на поените.

## III. ОПИСНА КЛАСИФИКАЦИЈА И ОРИЕНТАЦИОНИ ПРИМЕРИ СПОРЕД КОЕФИЦИЕНТИТЕ НА СЛОЖЕНОСТ

| Коефициент | Опишан степен на изложеност и сложеност (ориентационо) | Услови на вршење на надзорот | Обем на прописи врз основа на кои се врши инспекцискиот надзор | Потребно време за вршење на инспекцискиот надзор | Вид и обем на надзор |
|---|---|---|---|---|---|
| **Q1** | Инспекциски надзор со понизок степен на сложеност- Низок степен на ризик | Условите во кои се врши надзорот се безбедни и со низок степен на ризик за здравјето и животот на инспекторот<br>-инспекцискиот надзор се врши во седиштето на инспекцијата;<br>-инспекцискиот надзор се врши во седиштето на субјектот на надзорот и<br>-инспекцискиот надзор се врши на терен | -најчесто еден закон и подзаконски акти кои произлегуваат од законот<br><br>- најчесто од два до три закони и подзаконски акти кои произлегуваат од законите | Најчесто до 2 часа | Инспекциски надзор кој, по извршена пресметка согласно Методологијата, резултира со вкупен збир на поени до 1.<br>Надзорот најчесто се врши во контролирани и безбедни услови, со ограничен обем на активности, најчесто кај еден субјект, со примена на ограничен број прописи и најчесто трае пократко време, без зголемена изложеност на инспекторот.<br>Се преземаат инспекциски мерки како: опомена, наредба, задолжување, забрана или друга мерка, вклучително и поведување прекршочна или кривична постапка.<br>Се врши последователен контролен надзор на исполнување на мерки наложени при надзор со коефициент Q2. |
| **Q2** | Инспекциски надзор со низок до среден степен на сложеност - Низок и среден степен на ризик | Условите во кои се врши надзорот се со низок и среден степен на | - најчесто еден закон и подзаконски акти кои произлегуваат | - Најчесто до 2 часа<br>- Најчесто од 2 часа до 4 часа | Инспекциски надзор кој, по извршена пресметка, резултира со вкупен збир на поени над 1 до 2.<br>Надзорот најчесто опфаќа повеќе активности од основните, може да се |

| Коефициент | Опишан степен на изложеност и сложеност (ориентационо) | Услови на вршење на надзорот | Обем на прописи врз основа на кои се врши инспекцискиот надзор | Потребно време за вршење на инспекцискиот надзор | Вид и обем на надзор |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ризик.<br>-инспекцискиот надзор се врши во седиштето на инспекцијата;<br>-инспекцискиот надзор се врши во седиштето на субјектот на надзорот и<br>-инспекцискиот надзор се врши на терен | од законот<br><br>- најчесто од два до три закони и подзаконски акти кои произлегуваат од законите | | спроведува кај еден или повеќе субјекти, со примена на најчесто два до три прописи, при што најчесто бара умерено времетраење и повисок степен на организација.<br><br>Се преземаат инспекциски мерки како: опомена, наредба, задолжување, забрана или друга мерка, вклучително и поведување прекршочна или кривична постапка согласно законите .<br>Се врши последователен контролен надзор на исполнување на мерки наложени при надзор со коефициент Q3. |
| **Q3** | Инспекциски надзор со среден степен на сложеност - Среден степен на ризик | Условите во кои се врши надзорот се со среден степен на ризик.<br>-инспекцискиот надзор се врши во седиштето на инспекцијата;<br>-инспекцискиот надзор се врши во седиштето на субјектот на надзорот и | - најчесто еден закон и подзаконски акти кои произлегуваат од законот<br><br>- најчесто од два до три закони и подзаконски акти кои произлегуваат од законите | - Најчесто до 2 часа<br>-Најчесто од 2 часа до 4 часа | Инспекциски надзор кој, по извршена пресметка, резултира со вкупен збир на поени над 2 до 3.<br>Надзорот најчесто вклучува повеќе субјекти, примена на поголем број прописи и потреба од подетална анализа, при што најчесто бара подолго времетраење и зголемена ангажираност на инспекторот.<br>Се преземаат инспекциски мерки како: опомена, наредба, задолжување, забрана или друга мерка, вклучително и поведување прекршочна или кривична постапка согласно законите .<br>Се врши последователен контролен |

| Коефициент | Опишан степен на изложеност и сложеност (ориентационо) | Услови на вршење на надзорот | Обем на прописи врз основа на кои се врши инспекцискиот надзор | Потребно време за вршење на инспекцискиот надзор | Вид и обем на надзор |
|---|---|---|---|---|---|
| | | -инспекцискиот надзор се врши на терен | | | надзор на исполнување на мерки наложени при надзор со коефициент Q4. |
| **Q4** | Инспекциски надзор со средно до висок степен на сложеност - Среден и висок степен на ризик | Условите во кои се врши надзорот се со среден и висок степен на ризик.<br>-инспекцискиот надзор се врши во седиштето на инспекцијата;<br>-инспекцискиот надзор се врши во седиштето на субјектот на надзорот и<br>-инспекцискиот надзор се врши на терен | - најчесто еден закон и подзаконски акти кои произлегуваат од законот<br><br>- најчесто од два до три закони и подзаконски акти кои произлегуваат од законите<br>- најчесто повеќе од три закони и подзаконскиот акти кои произлегуваат од законите | Најчесто од 4 часа до еден работен ден | Инспекциски надзор кој, по извршена пресметка, резултира со вкупен збир на поени над 3 до 4.<br>Надзорот најчесто се спроведува во покомплексни услови, опфаќа повеќе субјекти и прописи и најчесто бара значителна временска и стручна ангажираност, како и координација со други органи или институции.<br>Се преземаат инспекциски мерки како: опомена, наредба, задолжување, забрана или друга мерка, вклучително и поведување прекршочна или кривична постапка согласно законите .<br>Се вршат координирани инспекциски надзори со вклучување инспектори од повеќе области во Инспекторатот.<br>Се вршат координирани инспекциски надзори со други инспекциски служби.<br>Се врши последователна контрола на исполнување на коректривни мерки наложени при надзор со коефициент Q5. |
| **Q5** | Инспекциски надзор со висок степен на сложеност - Висок степен на ризик | Условите во кои се врши надзорот се со висок степен на | - најчесто од два до три закони и подзаконски акти кои | Најчесто над еден работен ден | Инспекциски надзор кој, по извршена пресметка, резултира со вкупен збир на поени над 4 до 5.<br>Надзорот најчесто опфаќа повеќе |

| Коефициент | Опишан степен на изложеност и сложеност (ориентационо) | Услови на вршење на надзорот | Обем на прописи врз основа на кои се врши инспекцискиот надзор | Потребно време за вршење на инспекцискиот надзор | Вид и обем на надзор |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ризик можни влијанија врз неговото здравје и живот.<br>-инспекцискиот надзор се врши во седиштето на инспекцијата;<br>-инспекцискиот надзор се врши во седиштето на субјектот на надзорот и<br>-инспекцискиот надзор се врши на терен | произлегуваат од законите<br>- најчесто повеќе од три закони и подзаконскиот акти кои произлегуваат од законите | | субјекти, повеќе прописи, подолго времетраење и сложени активности, со зголемена одговорност и потреба од високо ниво на стручност и координација.<br>Се преземаат инспекциски мерки како: опомена, наредба, задолжување, забрана или друга мерка, вклучително и поведување прекршочна или кривична постапка согласно законите.<br>Задолжително се вршат координирани инспекциски надзори со вклучување инспектори од повеќе области и/или со други инспекциски служби. |

Описните примери и ориентационите елементи наведени во овој прилог не смеат да се применуваат како самостоен основ за утврдување на коефициентот на сложеност, без претходно извршена пресметка на поените согласно Методологијата и Правилникот.

Во случај на отстапување меѓу ориентационите описи во овој прилог и резултатот од извршената пресметка, меродавен е вкупниот збир на поени и соодветниот коефициент утврден согласно Правилникот.

## IV. Завршна одредба

Овој прилог претставува составен дел на Методологијата за примена на Правилникот за начинот на утврдување на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор и се применува исклучиво како помошен и ориентационен материјал.